# ЛЕСНА ПЛАНИНАРСКА ТУРА НИЗ СКРИЕНИТЕ ДЕЛОВИ НА МАВРОВСКИТЕ ГОРИ

**Рута: Маврово - Чавкарник - Бачило Смрека - Царевец - Шаркова Дупка**

Времетраење: 5 часа

Број на учесници: 5

## Опис на турата

Одлична еднодневна и лесна тура во околината на Маврово. Прошетајте низ густите мавровски гори, посетете неколку бачила каде непосредно ќе се запознаете со техниката на изработка на локално сирење и кашкавал и вкусете ги истите. Насладете се на преубавите пејсажи кон мавровското езеро, но и на шумските јаготки кои многу веројатно дека ќе ги пронајдеме.

На крајот од турата ќе ја посетиме пештерата Шаркова Дупка која е една од маркантните зданија во регионот.

## КАДЕ

Планина Бистра во срцето на најголемиот национален парк во Македонија - Маврово.

| | |
|---|---|
| **Стартна точка** | Село Маврово |
| **Завршна точка** | Село Маврово |

## ЗА КОГО?

Оваа авантура по тежина спаѓа во лесни тури и е наменета за секого. Потребна е основна планинарска опрема и психофизичка подготвеност

## Технички детали за турата

| | |
|---|---|
| **Должина** | 15км |
| **Искачување** | 600 м |
| **Спуштање** | 600 м |
| **Највисока точка** | 1700 м.н.в |
| **Најниска точка** | 1250 м.н.в |
| **Просечно времетраење** | 5 часа |

## Дополнителни детали

| | |
|---|---|
| **Тежина** | Лесна тура - 2/6 |
| **Техничка подготвеност** | 2/6 |
| **Пејсажи** | 5/6 |

## Задолжителна опрема

1. Планинарски обувки
2. Јакна за дожд
3. Течност во волумен од мин. 1 литар
4. Заштита од сонце (капа, наочари, крема за сончање)
5. Резервна облека
6. Храна за 1 ден